Борче ИЛИЕВСКИ

УДК: 37:930.25(4)„17/18“

# РАЗВОЈ НА АРХИВСКОТО ОБРАЗОВАНИЕ – ИСТОРИСКИ КОНТЕКСТ И СОВРЕМЕНИ СОСТОЈБИ

***Кратка содржина***

*Почетоците на архивското образование кои хронолошки можеме да ги лоцираме во втората половина на XVIII и XIX век биле тешки обременети со низа проблеми и лутања. Во текстот се дава еден краток пресек на развојот на архивското образование во повеќе европски земји (Италија, Франција, Холандија и др.), при што се укажува дека често пати и во рамките на една архивска служба постојат повеќе модели на образување на архивисти кои се разликуваат по содржината, обликот, начините на кои програмите се изведуваат, како и на целите кои се поставени во рамките на самиот образовен процес. Со развојот на студиите, архивистиката не само што теоретски се обликува, туку и архивистите започнале да трагаат по својот професионален идентитет. До вакви промени дошло во втората половина на XX век кога доаѓа до брз напредок на информациските науки кои меѓу другото влијаеле и на архивската струка, па оттука и на образованието. Со тоа започнала редифиниција на професијата, а воедно и на структурата и контекстот на архивското образование, односно во последните две-три децении архивското образование претрпува една сеопфатна преобразба.*

***Клучни зборови:*** *АРХИВСКА ТЕОРИЈА, АРХИВСКО ОБРАЗОВАНИЕ, ИНФОРМАТИЧКА АРХИВИСТИКА, ИДЕНТИТЕТ НА АРХИВИСТИТЕ, МЕЃУНАРОДЕН АРХИВСКИ СОВЕТ*

Архивистиката е релативно млада наука, се развивала во последните сто години и денес веќе можеме да кажеме дека ја обликувала својата теорија, методологија и пракса. Во архивската теорија денес архивската граѓа се дефинира како меморија на општеството и дел од културното наследство. Токму заради ваквото дефинирање во последните неколку децении се обрнува се поголемо внимание на образување на архивски кадар кој ќе може да одговори на современите предизвици. Всушност современото архивско образование го добило својот целосен лик после длабоката општествена преобразба

на преминот од индустриско кон информатичко општество.[1] Доколку ги погледнеме програмите на бројните Универзитети каде се изучува архивистиката ќе се забележат мноштво разлики. Архивското образование во голема мерка зависи од организацијата на архивската дејност, како и од статусот на архивистиката како струка во едно општество, но и од влијанието на архивистиката како наука. Се забележува и дека архивската дејност во зависност од специфичните услови различно е организирана.

Веќе со формирањето на првите архивистички школи во втората половина на XVIII и XIX век била спознаена специфичноста на архивистиката во однос на историската наука, со што започнал да се дефинира стручниот прифил на архивистите, а со тоа да се јавуваат и повеќе модели на образување на архивскиот кадар. Всушност со развојот на архивското образование архивистите се помалку биле третирани како обични чиновници, туку архивската професија започнала да се вбројува во редот на научните дисциплини. Оттука се воочила потребата при подготвување на плановите за образување на архивисти да се структуира една поширока и сестрана програма отколку што може да се очекува, затоа што веќе не се подготвувале само чиновници за администарцијата, туку и научни работници и истражувачи во архивите.[2] Почетоците на архивското образование биле тешки обременети со низа проблеми и лутања. Но сепак богатите државни, црковни, но и приватни архиви во Франција, Италија, Германија[3], Шпанија[4] и други европски земји допринеле подготовката на архивистите во овие земји да биде поставена на здрави и научни темели. Архивското образование зависело и од статусот што архивската дејност го имала во определено општество, особено по Француската револуција. Архивистиката во земјите каде што држав-

---

[1] Tom Nesmith, Professional Education in the Most Expansive Sense: What Will the Archivist Need to Know in the Twenty-First Century, Archivaria, The Journal of the Association of Canadian Archivists, Number 42, 1996, 89-94.

[2] Иван Дуйчев Лекции по архивистика, София, 1993, 243.

[3] Уште во 1571 година во Хајделберг Јаков фон Раминген ја објавил книгата „За регистратурата нејзиното устројство и управување“ при што го потенцирал практичното, пред се правно значење на архивите. Всушност првите теоретичари на архивското дело кои започнале да пишуваат кон крајот на средновековието се бавеле со прашањето на практичната работа со документите, или пак со општественото значење и правната положба на архивите како институции. Во нивните пишувања се апелирало на свеста за чување на документите од минатите епохи, при што тие најчесто ја ценеле нивната важност, гледајќи во нив административна или доказно-правна вредност. Тие речиси без исклучок биле правници и поимот архив за нив бил ист со поимот регистратура.

[4] За развојот на архивското образование во Шпанија во XIX и XX век види: Vincenta Cortes Alonso, Archival Education in Spain, The American Archivist, 51/3,1988, 330-335.

ниот архивски систем се развивал под влијание на француската архивска школа по револуцијата повеќе биле свртени кон историјата, додека во земјите каде што ова влијание било незначително архивистиката повеќе била насочена кон администрацијата. Во еден дел од европските земји архивистиката како струка била длабоко вкоренета во тамошните научни кругови, заради што потребите на струката влијеле на програмите за образување на архивисти.[5]

Желбата за проучување и ползување на бројните архивски материјали била главна причина и кај истражувачите и кај владите во повеќе европски земји да започнат со размислување за подготовка на стручен архивски кадар. На почетокот акцент при образувањето на архивистите во Франција на пример, се ставала на подготовка на архивисти истражувачи кои би биле запознаени со науките потребни за разбирање на изворите за историјата на Франција, особено за материјалите кои потекнувале од средновековниот период. Научното критичко проучување било втемелено уште во 1821 година кога била основана Ècole des Chartes, која што работи и денес во рамките на Сорбона под истото име. Во рамките на Ècole des Chartes, уште во 1839 година било основано здружение кое започнало со издавање на "Bibliothèque de l`Ècole des Chartes" периодично издание во кое биле објавени бројни теоретски расправи и изворни материјали пред се од историјата на Франција.[6]

Во Италија каде што се зачувани огромни архивски богатства мошне рано се јавило размислување, но и потреба за создавање на посебни школи или барем курсеви за образување на архивисти. Во

---

[5] Theo Thomassen, A Small Country in the World of archival education: The Duch Case, Arhivski vjesnik, god. 40, Zagreb, 1997,97-99.

[6] Paule René-Bazin, Marie Francoise Tammaro, Le Stage Technique Internacional d` Archives: An Historical Overview and Future Prospects, The American Archivist, 51/3,1988, 356-361. За да се обезбеди чувањето на материјалите кои произлегувале од работата на Уставотворното собрание можеби и несвесно на седниците меѓу 1789 и 1790 година самото собрание ги поставило темелите на Националниот архив во Париз и воопшто на архивистиката во Франција. Со тоа всушност се гледа каква важност има архивската граѓа за една организирана заедница особено во мигот кога се руши еден систем и се создава нов. За време на Француската револуција биле уништени институциите создадени во претходната епоха во времето на монархијата. Старите привилегии биле укинати и се направил обид да се избрише секоја трага на стариот режим. По првиот револуционерен налет Народното собрание со закон донесен на 12 септември 1790 година го основало Националниот архив во Париз. Во него требало да се чуваат актите на нова Франција и токму заради тоа и архивското образование мошне рано било институционално втемелено.

[7] Во 1632 година во Венеција било отпечатено делото „Книга за архивите" од правникот Балтазар Бонифациј кој меѓу првите зборува за големата важност на архивите давајќи им ореол на почит, при што дал и некои корисни совети за тоа време, за редот и чувањето на документите. (Стефка Петкова, Увод в Архивознанието, Велико Търново, 1999, 24).

некои од најголемите италијански архиви какви што биле архивите на Венецијанската република[7], или архивите на Неапол и Ѓенова, правило било да се организираат курсеви за образување на архивисти. Првата школа за архивисти била формирана во Болоња во 1765 година, а потоа биле основани и школите во Милано во 1770, во Неапол 1777, Падова во 1806, а до средината на XIX век во речиси сите позначајни италијански културни центри биле формирани архивски школи.[8] Во овој контекст ќе ја спомeнеме и Школата за архивистика и палеографија основана при Ватиканскиот архив во 1885 година. Главениот акцент при образувањето на архивистите бил насочен кон палеографијата и критичката дипломатика, при што водечко начело било критичкото и строго научно проучување на писмените документи. Карактеристично е што било дозволено освен црковни да се образуваат и световни лица.[9]

Ќе ги спомeнеме и Баврската архивска школа во Минхен основана 1821 година и Австриските институт за историски проучувања основан во Виена во 1854 година каде што се подготвувале и архивски кадри. Целта на сите овие институции била да создадат учени кадри кои суверено би ја познавале историјата, старите јазици, старогрчката, латинската и други палеографии, генеологијата, сфрагистиката, хронологијата, хералдиката, нумизматиката и останатите помошно историски науки.[10]

Во текот на XIX век, особено во неговата втора половина архивистиката како струка доживела вистинска професионализација, за што огромно влијание имало и стручното образование на архивистите, со што се зголемила компетентноста и влијанието на експертите, а со тоа се зајакнала позицијата на струката во целина. Можеби најдобар пример за ваквата констатација е Холандија каде уште во 1802 година била основана првата државна архивска школа. Требало да помине речиси еден век додека било формирано Здружението на холанските архивисти во 1892 година, по што во 1898 година бил пе-

---

[8] Luciana Duranti, Education and the Role of the Archivist in Italy, The American Archivist, 51/3, 1988, 347.

[9] Иван Дуйчев, Op.cit. 246-252. Почетоците на средување на архивските материјали во рамките на папската администрација датираат од крајот на XIII век. Ватикан во текот на повеќе столетија ќе остане богата архивска ризница во која не се запоставило средувањето на архивските материјали, иако вратите на папските ризници за научниот свет биле отворени дури во 1881 година.

[10] Види: Стефка Петкова, Подготовка на професията „архивист" в други страни, http://www.clio.uni-sofia.bg/BG/konfarch/SPetkova.pdf. Слични цели биле поставени и во развојот на архивското образование во Русија во XIX век, кое во текот на целиот XX век бележи значаен напредок во рамките на Московскиот државен историско-архивски институт, каде што студирале повеќе илјади студенти, а многумина се стекнале и со највисокиот научен степен.

чатен прирачникот на знаменитите холандски архивисти Muller, Feith и Fruin.[11] По завршување на Првата светска војна во 1919 година била втемелена нова државна архивистичка школа по што секој кој имал желба да се бави со архивистика морал да заврши некој од програмите кои ги нудела оваа школа и да положи стручен архивски испит. Главен учебник била споменатата книга на архивистите Muller, Feith и Fruin.[12] Во Соединетите Американски Држави до институционален развој на архивското образование дошло дури во првата половина на XX век, период во кој било распространето мислењето дека архивистот носи одговорност за документите во сите етапи на нивниот „животен циклус". Вака била дефинирана и улогата на Федералниот архив на САД формиран во 1934 година.[13] Оваа концепција за „животниот циклус на документите" била дефинирана во 1940 година од Филип Брукс. Архивската теорија и образование во САД особено се развиле во втората половина на XX век, а асоцијацијата на американски архивисти издава едно од највлијателните архивски списанија The American Archivist.[14]

По холандскиот и делумно американскиот пример пошле повеќето европски земји, а архивското образование го заземало вистинското и заслужено место и на меѓународните архивиски конгреси. До собирање и објавување на податоци за образувањето на архивскиот кадар во светот дошло уште во 1966 година од страна на Меѓународниот архивски совет.[15] Во 1992 година во издание на Секцијата за образување на архивисти во рамките на Меѓународниот архивски совет бил испечатен нов преглед за архивското образование во светот. Инаку Комитетот за професионална подготовка на архивисти при Меѓународниот архивски совет е создаден во 1979 година во Марбург, а во согласност со решението на XI Меѓународен архивски

---

[11] Прирачникот со наслов: Hndleiding voor het ordenen en beschrijaven van arcchiven ( Manual for the arrangement and description of archives) чии автори се архивистите Samuel Muller (1842-1922), J. A. Feith (-1913) и Robert Fruin (1857-1935) излегол од печат во 1898 година. Овој архивски прирачник и учебник оставил длабока трага во понатамошниот развој на архивската теорија и на Архивистиката воопшто. (види: Majorite Rabe Barritt, Archival Training in the Land of Muller, Feith and Fruin: The Dutch national Archives School, The American Archivist, 51/3, 1988, 336-345).

[12] Theo Thomassen, Op. cit, 99-102.

[13] TH. R Schellenberg, Modern Archives, Principles and Techniques, Melburne, 1956, превод Moderni arhivi, principi i tehnika rada, Beograd, 1968, 3-5.

[14] Еден од поновите броеви на ова списание целосно е посветен на архивското образование во светот, неговата историја и перспективи. Види: The American Archivist, 51/3, 1988, 224-402.

[15] Податоците биле објавени од Charles Kecskemeti Генерален секретар на Меѓународниот архивски совет во периодот 1962-1998 година. Тој има објавено повеќе статии и есеи од кои еден дел се однесуваат и за архивското образование.( Sovereignity Disputed Claims Professional Culture, Essays on Archival Policies by od Charles Kecskemeti, Brussels, 2000, 365).

конгрес одржан во Париз во 1988 година Комитетот прераснал во Секција за професионална подготовка и образование. Со таква цел Секцијата периодично организира симпозиуми и колоквиуми, најчесто кратко време пред одржувањето на меѓународните конгреси. Првиот ваков симпозиум одржан во Париз (1988), имал работен наслов: „Предавање на архивистиката“. Протоколите од овие симпозиуми се публикуваат, при што можат да се користат и во образувањето на идните архивисти.[16]

Ваквите активности допринеле да дојде до побрз развој на студиите по архивистиката која не само што теоретски се обликувала туку и архивистите започнале да трагаат по својот професионален идентитет. Хрватскиот архивист Јосип Колановиќ заклучува дека идентитетот на архивистот треба да се бара во спецификата на неговата професија. Специфичноста на оваа професија всушност произлегува од грижата за зачување на колективната пишана меморија на едно општество. Во создавање на идентитетот на архивистите потребна е: „потполна афирмација на архивистиката како посебна наука која би била темел за архивската пракса и за архивската служба; образување на архивисти како експерти со сите потребни знаења во струката; признавање и прифаќање на професијата од страна на општеството; свесно прифаќање на специфичноста и самостојноста на струката.“[17] Со создавањето на идентитетот на архивистите кој произлегол од етаблираното архивско образование се поставило и прашањето на професионализмот во рамките на архивската струка. Како што видовме професијата архивист во минатото била недефинирана и речиси секогаш во определена подреденост. Оттука и трагањето по архивскиот идентитет кој е органски поврзан со институционалното универзитетско архивско образование води кон дефинирање на архивистиката како самостојна наука.

Во основа секоја професија мора да опфаќа определено подрачје на делување кое е важно за општеството. Професијата мора да поседува одреден збир на научно втемелени знаења и посебно образование преку кои се пренесуваат тие знаења на заинтересираните кои сакаат да бидат дел од таа професија, членовите на секоја про-

---

[16] Directory of Schools and Course of Profesional Training for Archivist, ICA Studies no 6, 1992, 402; Miljenko Pandžić, Obrazovanje arhivista-usporedni pregled školovanja u raznim zemljama sveta, Arhivski vjesnik, god. 40, Zagreb, 1997, 35-36 ќе спомeнеме некои од работните теми на споменатите симпозиуми: *Програмите за архивско образование* (1989-Милано), *Подготовка на архивисти во Азија и Океанија* (Пекинг-1991), *Од обука кон универзитетско образовамние* (Монтреал-1992), *Влијанието на политичките промени во Централна и Источна Европа врз архивската наука и архивското образование* (Љубљана-1994), итн.

[17] Josip Kolanović, Identitet athivista, Arhivski vjesnik, god. 40, Zagreb, 1997, 12.

фесија се здружуваат заради остварување на одредени свои интереси (еснафски здуженија) и секоја професија има заедничка професионална култура во смисол на прописи, вредности, терминологија, етика[18] и итн. Архивистите, „меморијата на својот народ" се должни да ја сочуваат во нејзиниот историски контекст, но и на сите видови на медиуми кои се создадени од современата технологија, за што првенствено е потребно добро втемелено архивско образование. Некои архивски теоретичари сметаат дека наведените задачи неминовно бараат развој на архивистиката како посебна наука, која што би била темел за идентитетот на архивистите. Се разбира во обавувањето на наведените функции на архивистите потребни им се и други „помошни" знаења како што се историјата, помошноисториските науки, или информатиката во поново време, но архивистот според дел од теоретичарите не е и не треба да биде ниту историчар ниту пак информатичар, туку во својата работа би требало првенствено да се раководи според начелата и методологијата на архивската наука.[19] Но во колкава мерка овие заложби можат да влезат и во наставните универзитетски програми по архивистика зависи од повеќе фактори, но во средиштето на сите студиски програми несомнено се наоѓаат архивските научни дисциплини, а покрај нив и предметите од областа на историјата, помошноисториските науки, дел од некои правни дисциплини преку што идните архивисти се оспособуваат за професионалните задачи во сите подрачја на архивската служба, со што всушност архивистите се стекнуваат со темелни општи и стручни знаења. Тука мораме да напоменеме дека во современите архивски студиски програми значајно место заземаат и темите од областа на библиотекарството, музеологијата, информатиката, или документаристиката.

Слично како во повеќето европски земји и на пошироките балкански простори дошло до развој на архивското образование особено во втората половина на XX век, иако во некои држави како Романија на пример, архивистите започнале професионално да се обучуваат во рамките на Главната дирекција на Романските државни архиви уште во 1924/25 година.[20] Во овој прилог ќе ги спомнеме архивските студии на Универзитетите во Софија и Загреб кои работат како самостојни катедри. Катедрата за архивистика и помошно исто-

[18] Етичкиот кодекс на архивистите е донесен од Меѓународниот архивски совет во септември 1996 година и меѓу другото е важен и за едукацијата на архивистите во образовниот процес и во практиката (Code of Ethnics, ICA Bulletin, No 47, (1997-1).

[19] Josip Kolanović, Op. cit, 12.

[20] Иван Дуйчев, Op.cit, 253-254.

риски науки која работи во рамките на Историскиот факултет во Софија била создадена во 1972 година, чија цел била создавање на архивисти и учители по историја. Во учебната 2002/2003 година во рамките на катедрата била создадена специјалност Архивистика и документаристика, чија основна цел е формирање на високообразуван кадар на архивисти и документаристи за современ архивски и документарен менаџмент за потребите на државната администрација, приватниот сектор, медиумите, издавачките претпријатија и др. Во Загреб архивистиката се изучува во рамкиите на Филозофскиот факултет на одделот за информациски науки заедно со музеологијата и библиотекарството основан во 1981 година. Во рамките на одделот постои посебна катедра за архивистика, каде што од учебната 1996/97 година се организираат и последипломски студии по архивистика. Архивистиката како посебен предмет се изучува и на другите универзитети во нашето опкружување најчесто во рамките на историските студии како во Белград или Сараево.

Анализата на овие студии покажува дека најголемо внимание во рамките на студиските програми се посветува на архивската теорија и пракса, описот и средувањето на архивската граѓа, историјата на институциите, архивското законодавство и историјата на архивите кои паралелно се изучуваат со предметите од општата и национална историја, јазиците, а во некои случаи и со предмети од областа на правото па и економијата. Новите програми на архивските студии се разбира се сообразуваат и со брзиот развој на информатичката технологија, а во тој контекст и со продукцијата на електронските документи.[21] Споменатиот брз развој на технологијата ја нагласува и потребата и важноста на перманентното образование во текот на целиот работен век на архивистите.

Со цел соодветно да се одговори на речиси секојдневните промени темелното архивско универзитетско образование мора да се усредоточи на анализа на новите архивски предизвици. По завршувањето на образованието, потребно е архивистите да посетуваат ин-

[21] Брзиот и постојан развој на информациските технологии претставува посебен проблем на институциите специјализирани за чување на документи као што се архивите, библиотеките или музеите, а особено голем проблем претставува архивирањето на граѓата во електронски облик на подолг временски рок. Во овој контекст се поставува прашањето и за автентичноста на електронските информациски објекти. Автентичноста на класичните документи се проверува на оригиналниот документ, што е сосема разбирливо, но кога се во прашање електронските информациски објекти прашањето на автентичноста не е така едноставно. (Charles Dollar, Archival Theory and Information Technologies: The impact of Information on Archival Principles and Methods, Macerata, 1992, 55-60) Во студиските програми се повеќе простор се отстапува и на оваа проблематика.

тензивни семинари и курсеви за определени теми и методи. Мора да се истакне дека во рамките на Меѓународниот архивски совет дури во последните две децении се осврнале на постојаното образување на архивистите. Дообразувањето на архивистите може да се изведува на повеќе начини како што се разни советувања, предавања во рамките на архивските институции, заради што е потребна блиска соработка меѓу архивските институции и универзитетите.[22]

Во основа задачата која се поставува пред современото архивско образование е изградбата на специфичен архивистички корпус на знаења, како и развој на теоријата. Нивото на образование и неговата организација се едни од темелните критериуми според кои се проценува статусот на некоја струка, односно како ќе се развива и како ќе изгледа архивската струка не зависи само од нејзината функција, или од предметот со кој се бави и од архивистиката како дисциплина, туку во голема мера зависи и од потребата на архивистите да се формираат како сталеж, кој активно ќе се вклучи во решавањето на современите предизвици во архивистиката. Во овој корпус влегува и прашањето за организација на студиите, местото каде тие ќе се изведуваат, организациајта на самиот образовен процес, обликот на наставата и сл.[23]

Денес сите архивски студии имаат за цел најпрвин да се совлада системот на управување со документите, односно записите, во англиската терминологија records management.[24] Предметот на архивистиката всушност дава можност за спознавање на „карактерот" на документите, архивските начела, архивскиот фонд, изработка на научно-информативните средства, како и за користењето и вреднувањето на архивската граѓа. Во рамките на современите архивски студии се опфатени и дисциплините како историја на архивите и архивската служба, архивската теорија и архивската терминилогија. Заштитата пак на архивската граѓа дава основа за спознавање на превентивната заштита на архивската граѓа, како и за конзервацијата и реставрацијата на граѓата. Во контекст на развојот на електронските документи се раѓаат и нови дисциплини чии што предмет на проучување е заштитата на електронските записи. Електронските записи се документи како и останатите документи на „класична подлога" и како

---

[22] Today`s Students, Tomorow`s Archivists: Present-Day Focus and Development as Determinants of Archival Science in the Tweny-First Century, Archivaria, The Journal of the Association of Canadian Archivists, Number 42, 1996, 95-103.

[23] Jozo Ivanović, Modeli obrazovanja arhivista, , Arhivski vjesnik, god. 40, Zagreb, 1997, 19.

[24] Види: Terri Eastwood, Nurthing Archival Education in the University, The American Archivist, 51/3, 1988, 228-253.

што нагласивме мора да имаат и да ја сочуваат својата автентичност, веродостојност и вредност и мораат да се класифицираат, чуваат, да се предадат на архивите за нивно понатамошно користење. Денес некои теоретичари го употребуваат терминот „информатичка архивистика" која ги дава основите за управување со архивските документи во дигитално опкружување. Во текот на студите идните архивисти се подготвуваат за активностите и работите поврзани со собирањето, средувањето, вреднувањето, заштитата и користењето на граѓата. Во рамките на средувањето и опишувањето на архивската граѓа се подразбираат и активности кои се однесуваат на анализа на граѓата и проучување на историските околности и услови во кои граѓата била создадена, организација на граѓата и изработка на информативни помагала, бази на податоци и др.

Во рамките на современите архивски студии особено внимание се посветува на вреднувањето на архивската граѓа бидејќи заради се поголемата продукција не може да се чува сета пишувана граѓа, заради што мора да се одбере највредната граѓа за трајно чување. Токму заради ова архивите мораат да ја идентификуваат целата граѓа која што се создава на определено подрачје и со помош на создавачите да ја заштитат и средат по што врз основа на определени критериуми ќе се утврди кои документи имаат трајна вредност.[25] Оваа активност исто како и заштитата во голема мерка се врши заедно со создавачите, бидејќи заштитата не е потребна само на граѓата која се наоѓа во архивите, туку и на граѓата која што во иднина ќе биде преземена.

Токму заради тоа е потребно во рамките на редовните студии студентите да имаат практични часови кај имателите на архивска граѓа. Во рамките на студиите внимание несомнено мора да се посвети и на работата со корисниците која е особено важна бидејќи со тоа се остварува улогата на архивите во општеството. Исклучително е важна непосредната комуникација со корисниците и давањето на информации и упатства кои што им се потребни. Не треба да се изостави и работата со јавноста како што се подготовки и поставување на изложби, издавање на публикации и др. Една од значајните активности на архивите е истражувањето на историските извори во нашите и странски архиви, нивното проучување и објавување за што исто така идните архивисти мора да добијат соодветни теоретски и методолошки знаења во текот на студиите.

---

[25] Charles Dollar, Archives and Record Menagers in the Information Age, Archivaria, The Journal of the Association of Canadian Archivists, Number, 36, 1993; За критериумите за вреднување на „класичната" архивската граѓа: Богдан Лекић, Архивистика, Београд, 2006, 78-90.

Покрај архивските предмети повеќето архивски универзитески програми како што нагласивме во себе содржат и предмети кои се однесуваат на архивското законодавство, историјата на институциите и низа предмети кои се однесуваат на општата и националните истории. Во овој контекст во архивистичките студии внимание се посветува и на класификацијата на архивите од аспект на промените на нивниот статус и на нивните пошироки општествени функции, како и на периодизација на историјата на архивите во контекст на општата периодизација на историјата. Особено податливи се дисциплините каде што се обработува односот на официјалната политика кон архивите во сферата на меѓународните односи и политиката, се разбира како теоретски дисциплини за сестрано образување на идниот архивистички кадар.

(Рецензент: *проф. д-р Виолета Ачкоска*)

Borce ILIEVSKI

# DEVELOPMENT OF THE ARCHIVE EDUCATION – HISTORICAL CONTEXT AND CONTEMPORARY POSITIONS

**Abstract**

*The beginnings of the archive education, which chronologically can locate in the second half of XVIII and XIX century, have a row of difficulties and angriness. In the text it is represented a sort cut of the development of the archive education in menu European construes (Italy, France, Holland and others), by witch is represented that many times and in the frames of one archive service there exists many models of education of the archivists, which have differences in the content, in the shape, the ways on which the programs have been performing, as like as the aims which are set up in the frames of the educational process. With the studies' development the archive is shaping theoretically, but and the archivists begging to search for its professional identity. In the second half of the XX century they came to such changes, when we have fast progress of the informational sciences, which affected to the archive structure, and also to the education. From this begins the redefinition of the profession, and also of the structure and the context of the archive education. The archive education suffers one total changes in the last two – three decades.*

***Keywords**: ARCHIVE THEORY, ARCHIVE EDUCATION, INFORMATICAL ARCHIVE, IDENTITY OF THE ARCHIVISTS, INTERNATIONAL ARCHIVE COUNCIL.*